**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.11.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6015 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Во десетдневниот период, од 11 до 20 ноември 2016 година, анализирани се девет изданија на Вестите на ТВ 21-М, емитувани во терминот од 18 часот и 30 минути. Поради технички проблеми со снимките, изданието на вестите од 17 ноември не е анализирано. Вкупното времетраење на анализираните прилози е 3 часа 23 минути и 40 секунди. Станува збор за жанрови со информативен предзнак (вест, вест во

низа, извештај, извештај со коментар, изјави) коишто го сочинуваат вкупното време на анализираните прилози во централното-дневно информативно издание (Табела 1).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 21 М | Траење | Процент |
|---|---|---|
| НДП - Фадил Зендели | 00:01:16 | 0,62 % |
| Беса | 00:01:16 | 0,62 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:17 | 2,10 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:16 | 0,62 % |
| СДСМ | 00:04:01 | 1,97 % |
| Српска напредна странка | 00:01:15 | 0,61 % |
| ДИК и други органи | 00:21:17 | 10,45 % |
| Граѓански сектор | 00:32:21 | 15,88 % |
| Влада на РМ | 00:15:41 | 7,70 % |
| Експерти/аналитичари | 00:21:13 | 10,42 % |
| Други субјекти | 00:20:44 | 10,18 % |
| Без субјекти | 00:28:30 | 13,99 % |
| Локална самоуправа | 00:03:13 | 1,58 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:43 | 2,81 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:48 | 1,37 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:01:20 | 0,65 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:18 | 5,06 % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:40 | 0,33 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:11:06 | 5,45 % |
| Шарена револуција | 00:01:04 | 0,52 % |
| Судство | 00:07:21 | 3,61 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:22 | 0,18 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:48 | 0,88 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:36 | 1,77 % |
| Привремена комисија | 00:00:41 | 0,34 % |
| Коалиција Преродба со Беса | 00:00:33 | 0,27 % |
| | **Вкупно: 03:23:40** | 100 % |

Петте, временски најзастапени субјекти (со застапеност од над 20 минути секоја од нив), заедно зафаќаат повеќе од 3/5 (над 60%) од вкупното време на анализираните прилози. За прв пат субјектите кодирани како „Граѓански сектор" (со временска застапеност од 32 минути, околу 16%), доминираат во времето на прилозите. Во досегашните извештајни периоди тоа беше најчест случај со субјектите класифицирани како „Други субјекти" или „Без субјекти", или евентуално „Влада на РМ" и „Експерти/аналитичари". Во овој извештаен период, покрај „Граѓански сектор", двоцифрена процентуална застапеност имаат уште „Без субјекти", „ДИК и други органи", „Експерти/аналитичари" и „Други субјекти".

Медиумот известуваше за активностите на невладиниот сектор, или по одредени прашања ги пренесе нивните ставови, во врска со: забелешките нотирани во последниот извештај на Европската комисија, трибината на Евроатлантскиот совет на РМ за подобрување на меѓуетничките односи како еден од условите за влез во НАТО и ЕУ, маршот на повеќе невладини организации против говорот на омраза во предизборните

кампањи на политичките партии, заедничкиот настап на неколку ромски невладини организации со Хелсиншкиот комитет за човекови права против насилство врз Ромите, трибината на Транспаренси интернешнл во врска со Законот за укажувачи, ставот на повеќе невладини организации за злоупотребата на службени возила во партиски цели, регистрирањето на гласачите во дијаспората, неприфаќањето на предлозите на граѓанскиот сектор од страна на Собранието, истражувањето на Транспаренси интернешнл во врска со пријавувањето мито и корупција, недостигот на јавни тоалети итн. Беа емитувани, како прилози во вести, делови од дебатната емисија „Клик плус", во којашто гостуваа меѓу другите гости и претставници на невладините организации и беа пренесени дел од нивните ставови искажани во рамки на емисијата.

Според временската застапеност (над 28 минути или 14%) во вкупното време на анализираните прилози, следуваат субјектите кодирани како „Без субјекти". Медиумот неколку прилози посвети на конкретни проблеми со коишто секојдневно живеат неколку семејства (сторија за тетовчанец којшто живее под ведро небо, за семејство од Гостивар соочено со сиромаштија), потоа на обештетувањето на поплавените од околината на Скопје, проблемите со вода за пиење на дел од населените места во општина Ѓорче Петров, протестите на жителите на Куманово за време на собирот на ДУИ во овој град итн. За дел од прашањата за коишто известува медиумот, најчесто реализирани преку анкети, е пренесен и ставот на граѓаните. Таков е случајот со прилозите посветени на модернизација на зелените пазари (анкета со продавачи), банкарски измами – фиктивни банкарски кредити, гласање на лицата со оштетен вид (разговор со лица со оштетен вид), недостиг на јавни тоалети и др.

Со застапеност од по 21 минута (по 10%), следуваат три субјекти: „ДИК и други органи", „Експерти/аналитичари" и „Други субјекти".

Медиумот емитува повеќе прилози кадешто Државната изборна комисија се јавува како главен носител на настанот. Такви се информациите за: крајниот рок за поднесување листи до ДИК, при што е емитуван разговор со портпаролот на оваа институција, бројот на пријавени гласачи од дијаспората, корекциите што треба да ги направат дел од партиите на поднесените листи со кандидати за пратеници, непрочистениот избирачки список, отфрлената листа на Социјалдемократската партија на Македонија, ждребката за утврдување на позициите на партиите на гласачкото ливче, гласањето на лицата со оштетен вид и неписмените лица, интервјуто на претседателот на ДИК за Радио Слободна Европа, потпишувањето на Кодексот за фер и слободни избори од страна на партии под покровителство на ДИК и други.

За застапеноста на категоријата „Експерти/аналитичари" придонесува нивното често учество како гости во емисијата „Клик плус", од којашто потоа медиумот емитува прилози во рамки на вестите. Извадоците од „Клик плус", во коишто гостуваа експерти/аналитичари, ги обработуваа следниве теми: изборите во САД, партиите и изборните кампањи, состојбите во Кривичниот суд во Скопје, изборите – реална понуда или маркетинг. Ставот на експертите/аналитичарите е пренесен и во прилозите поврзани со: економските перспективи на РМ, забелешките на Европската комисија за спроведувањето на Охридскиот договор, спроведување избори без спроведен попис на населението, реформите во судството, незаинтересираноста кај граѓаните за гласање, кампањите на политичките партии преку социјалните мрежи со цел привлекување млади и неопределени гласачи и други.

Во категоријата „Други субјекти" во овој осми по ред извештаен период припаѓаат: Народна банка на РМ, Стопанска комора на северозападна Македонија, Исламска врска заедница, адвокати, Стопанска комора на РМ, Регулаторна комисија за енергетика, Институт за земјотресно инженерство, Градежен факултет, Комерцијална банка, новинари итн.

Во анализираните прилози на ТВ 21 М, во десетдневниот извештаен период, присутни се единаесет политички субјекти: ДУИ, ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДПА, Коалиција (Унитети, ДПА-ДР, НДП на В.Мемеди), Беса, ГРОМ, НДП на Ф.Зендели, Српска напредна странка, Партија за целосна еманципација на Ромите, Коалиција (Беса, НДП)

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ 21 М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| НДП - Фадил Зендели | 00:00:17 | 0,58 | % |
| Беса | 00:00:36 | 1,23 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:55 | 1,88 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:28 | 0,96 | % |
| СДСМ | 00:00:58 | 1,98 | % |
| ДИК и други органи | 00:06:50 | 14,00 | % |
| Граѓански сектор | 00:11:32 | 23,63 | % |
| Влада на РМ | 00:02:30 | 5,12 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:12 | 16,80 | % |
| Други субјекти | 00:04:54 | 10,04 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:43 | 1,47 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:01 | 4,13 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:13 | 0,44 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:43 | 5,57 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:00 | 4,10 | % |
| Шарена револуција | 00:00:13 | 0,44 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:12 | 0,41 | % |
| Судство | 00:01:01 | 2,08 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:56 | 1,91 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:04 | 2,19 | % |
| Коалиција Преродба со Беса | 00:00:15 | 0,51 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:16 | 0,55 | % |
| **Вкупно:** | **00:48:49** | 100 | % |

## *Посебни информативни емисии*

### *Дебатни емисии*

Во анализираниот период од 11 до 20 ноември, во рамки на емисијата „Клик плус", се емитувани пет премиерни дебатни емисии. Во овој период се емитувани уште десет реприזи на петте премиерни изданија, по две на секоја емисија, и уште две репризи на издание од „Клик плус" емитувано во рамки на претходниот извештаен период.

Првата премиерна дебатна емисија е емитувана на 11 ноември, кога гостуваа претседателот на Партијата за целосна еманципација на Ромите, Самка Ибраимовски, Џабир Дерала од невладината „Цивил" и новинарот Столе Наумов. Претстојните избори, финансирањето на партиите, коалицирањето меѓу партиите, улогата на медиумите во изборниот процес, беа дел од темите на коишто дискутираа присутните. Емисијата наредниот ден е репризирана два пати.

На 15 ноември е емитувана втората дебатна емисија. Гостуваа двајца претставници на политички партии, Бујар Османи од ДУИ и Беким Фазлиу од ДПА, и аналитичарите Џелал Незири и Нијази Мухамеди.

Претстојните избори беа во фокусот на интерес и во ова издание на „Клик плус", коешто беше репризирано два пати, наредниот ден.

Во изданието од 16 ноември гостуваа аналитичарите Валдете Касапи, Башким Бакиу, Газменд Аjдини и Алберт Муслиу, а се дискутираше за тоа какви ќе бидат кампањите на партиите на претстојните избори, каков е односот на партиите кон медиумите, партиските пораки до граѓаните. По утврдената програмска шема, и ова издание на „Клик плус", наредниот ден, 17 ноември, беше репризирано два пати.

Гости во изданието од 17 ноември беа претседателот на Судскиот совет, Зоран Караџоски и адвокатот Јован Јоанидис, а дебатираа за состојбите во судството. Двете репризи беа емитувани на 18 ноември.

Последното дебатно издание на емисијата „Клик плус" во овој извештаен период беше емитувано на 18 ноември. На тема „Изборите – реална понуда или маркетинг" дискутираа Петрит Сарачини од невладината „Цивил" и комуникологот Магдалена Андоновска. Репризите беа емитувани наредниот ден, 19 ноември.

На 11 ноември се емитувани две репризи на емисијата „Клик плус" од 10 ноември, посветена на изборите во САД, во којашто гостуваа поранешниот амбасадор Георги Филипов, Андреја Стојковски од Македонскиот институт за европско образование и Трифун Костовски од Северноатлантскиот совет на Македонија.

*Интервјуа*

Емитувани се четири интервјуа во рамки на емисијата „10 минути", во периодот од 11 до 20 ноември.

Првото интервју е емитувано на 11 ноември, со комуникологот Бујар Хоџа, а тема на разговор беше актуелизирањето на прашањето за употребата на албанскиот јазик пред избори од страна на политичките партии.

На 14 ноември е емитувано интервју со Арбр Адеми од ДУИ во врска со протестите што се случија во Куманово пред и за време на собирот на оваа партија.

За македонската иселеничка заедница во Австралија и за гласањето на дијаспората се разговараше во емисијата „10 минути" од 15 ноември, кога гостуваше Игор Александров, претставник на Македонската заедница од Австралија.

Последното интервју е реализирано на 16 ноември со поранешниот судија Валентин Зафиров. Тема на разговорот беа последните случувања во Кривичниот суд од Скопје, притисоците кон судиите, односот на судството кон предметите на Специјалното јавно обвинителство.

*Друга информативна програма*

На 18 ноември, изданието на емисијата „10 минути" е посветено на прес-конференцијата на Специјалното јавно обвинителство, во врска со обелоденувањето на новиот случај „Таргет".

***Сектор за програмски работи***